**Република Северна Македонија**
**Државен инспекторат за животна средина**

**Број : Ип1-22-65 од 25.10.2024година**
**Охрид**

Република Северна Македонија

**Државен инспекторат за животна средина- Кнацеларија Охрид**

Палата Емануел Чучков
Ул.Бихаќка"бр.2,
1000 Скопје,
Република С.Македонија

Државниот инспектор за животна врз основа на член 42 став 1и2одЗаконот за управување со пакување и отпад од пакување (Сл.весник на РСМ 215/2021 ) по извршениот инспекциски надзор во Трговско друштво за производство трговија и услуги ВИНАРИЈА ОХРИД ДОО експорт-импорт Охрид, застапувано од Иван Степановски - Управител, а во поглед за отстранување на недостатоците утврдени со записникот Ип1 бр.22-65 од 24.10.2024година донесе :

**РЕШЕНИЕ**

Се **НАРЕДУВА** на Трговско друштво за производство трговија и услуги ВИНАРИЈА ОХРИД ДОО експорт-импорт Охрид, застапувано од Иван Степановски - Управител, да ги отстрани недостатоците утврдени со записникот бр.22-65 од 24.10.2024година и тоа :

**1.Да поднесе барање за регистрација на производител согласно член 17 од ЗУПОП.**
**Рок : 30 (триесет) дена.**

**2.По извршувањето на задолжението од точка 1 да го извести Државниот инспекторат за животна средина.**
**Рок : Веднаш по извршување на Точка 1.**

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Државниот инспектор за животна средина на ден 24.10.2024година направи инспекциски надзор во, Трговско друштво за производство трговија и услуги ВИНАРИЈА ОХРИД ДОО експорт-импорт Охрид, застапувано од Иван Степановски - Управител, при што со Записник бр.22-65 од истиот датум константирано е дека правниот субјект врши дејност Производство на вино од грозје.
При увидот константирано е дека субјектот води евиденција, има склучено Договор за превземање на обврски за управување со посебениот тек на управување со пакување и отпад од пакување Пакомак доо Скопје со број 03-6343 од 31.12.2021година, Потврда за исполнување на проширена одговорност за управување со посебен тек на отпад за 2023 издадена од Пакомак доо Скопје со бр.03-2621 од 03.04.2024година. Не беше приложена потврда за регистрација на производителот во Регистарот на производители со проширена одговорност.
Согласно овластувањата од член 42 став 1 точка 7 и 16 од ЗУПОП се донесе решение како во диспозитивот.

Доколку не се постапи согласно со решението на државниот инспектор за животна средина и не ги отстранат причините за настанатата состојба утврдени со решението државниот

Република Северна Македонија

**Државен инспекторат за животна средина-Канцеларија Охрид**

Палата Емануел Чучков
Ул.Бихаќка“бр.2,
1000 Скопје,
Република С.Македонија

инспектор за животна средина ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот прекршочен орган.

**Упатство за правно средство :**
Против ова решение може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен во рок од 15 дена од приемот на решението.
Жалбата се таксира со 250,00(двеста и педесет)денари административни таксени марки.

**Игор Трајкоски**
**Државен инспектор за животна средина**

**Доставено до :**
**- архива**
- ВИНАРИЈА ОХРИД